ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ
И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ
СКОПЈЕ

Институт за општествени и
хуманистички науки
Бр. 141/1/2016
26.02 2016 год.
СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, на седницата, одржана на 27.11.2015 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд под наслов ,,Создавање на стварност: масовните медиуми низ призмата на Маршал Меклуан и Жан Бодријар", поднесена од кандидатка Касиопеа Наумоска, во состав: Проф. д-р Магдолна Колар-Панова, Доц. д-р Викторија Боровска и Доц. д-р Јордан Шишовски.

Комисијата се заблагодарува за укажаната доверба и откако го прегледа магистерскиот труд, на Научниот совет го поднесува следниов:

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Библиографска белешка за кандидатката

Касиопеа Наумоска е родена на 30.11.1968 во Скопје. Кандидатката дипломирала на Факултетот за Ликовни уметности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 1993 година. Таа е активен учесник со индивидуални изложби во Македонија, Германија, Бугарија, САД, Канада, и над сто меѓународни изложби, меѓу кои во САД, Канада, Бугарија, Турција, Полска, Југославија. Добитник е на повеќе значајни награди од областа на сликарството.

## 2. Кус опис на трудот

Предметот на тезата се ставовите на најпознатите теоретичари на културата Жан Бодријар и Маршал Меклуан, нивниот акцент на медиумите, како и импликациите од нивните тези за разбирањето на современиот медиумски простор, каква е улогата на медиумот и дали медиумот е повеќе од само голо пренесување на информацијата.

Се поставува на прашањето: Што е стварност во медиумите? Дали таа стварност е втемелена на вистинско случување, на точни податоци, на непристрасно пренесени факти и урамнотежено известување? Трудот говори за воочувањето дека масовните медиуми создаваат нова стварност, прикажувајќи случувања во некое ново светло, заборавајќи ги стандардите и служејќи се со нешто друго што не е ниту стварност ниту вистина. Наместо стварноста во медиумите преовладува реалното шоу, не само како забава туку и како начин на претставување на стварноста.

### 2.1 Цел на трудот

Целта на трудот е да се добие подобро видување за медиумскиот простор воопшто и што тој денес претставува. Да се изведат заклучоци од аспект на теоретските согледувања на овие двајца автори во врска со медиумите, да се споредат нивните видувања, и да се воочат допирните точки, сличностите како и разидувањата на тема медиуми. Со тоа на крај да се дојде до став за медиумите денес во рамки на теоретските позиции на Жан Бодријар и Маршал Меклуан.

**2.2 Истражувачки прашања:**

- Кои се сличностите и разликите меѓу теориите или приодите на овие два автора во врска со медиумите?
- Во која мера Жан Бодријар се повикува на теориите на Маршал Меклуан?
- Дали теоријата на Маршал Меклуан може да се примени за објаснување на современата состојба со медиумите?
- Колкаво е влијанието и придонесот на овие двајца автори во областа на медиумите и комуникациите?
- Кои се точките на конвергенција и дивергенција на овие двајца автори?

**2.3 Структура на трудот**

Магистерскиот труд на Касиопеја Наумовска ,,Создавање на стварност: масовните медиуми низ призмата на Маршал Меклуан и Жан Бодријар" е сочинет од 93 страни, од кои 82 се основен текст на тезата, 3,5 се страници со библиографски единици т.е. користена литература.

Тезата е составена од **Вовед**, **3 поглавја, Заклучок, и Користена литература.**

**Во првата глава „ТЕОРИЈАТА НА МЕДИУМИ НА МАРШАЛ МЕКЛУАН",** се објаснуваат: теориските позиции на теоријата на Меклуан за медиумите, како Маршал Меклуан ги толкува медиумите, историски развој на медиумот и меѓудејството, начинот на кој технологијата доведува до масовноста и претопувањето на едни медиуми во други, поделбата на „ладни" и „топли" медиуми, поимањето на „окупација на сетилата", една од клучните тези на Меклуан која дава простор и за толкување на современите, електронски медиуми и изложувањата на неговите клучни тези.

**Во втората глава** насловена **„ТЕОРИЈАТА НА МЕДИУМИ НА ЖАН БОДРИЈАР",** се претставени тезите на Жан Бодријар за моќта и влијанието на медиумите. Неговото разидување со марксизмот како теоретска подлога за подоцнешните трудови. Капиталното дело „Симболичка размена и смрт" и подоцнешниот негов развој како автор со познатата „Симулакуруми и Симулација" со која ја заокружува својата теорија на медиуми и воопшто Бодријаровата теорија на Симулација и нејзините импликации. Исто така и Бодријаровата теза за „Хиперреалност" како елемент на функционирање во стварноста.

**Во третата глава** насловена „**МЕКЛУАН И БОДРИЈАР – ПРИБЛИЖУВАЊА И РАЗЛИКИ"** се претставени приближувањата на ставовите кај овие две различни теории на медиумите. Сличностите и разликите во концептите се тема на трудот. Модерноста или постмодерноста кај Маршал Меклуан, радикалната постмодерност на Бодријар. Соочувањето на различните теориски концепти со истакнувањето на разликите, дополнувањата, согласувањата и несогласувањата со цел да се дојде до заклучок со кој би можело низ ваква призма да се објаснат медиумите како феномен на современото живеење. Вклучени се и согледувањата на Даглас Келнер како релевантен проучувач и систематизатор на постмодерната теорија и неговите ставови околу овие двајца теоретичари. На крај е отсликана денешната состојба во медиумскиот простор низ визирот на Меклуан и Бодријар, односно толкувањето доследно во рамките на нивните теориски позиции.

**Во Заклучокот** на овој труд кандидатката Касиопеа Наумоска повторно се навраќа на комплексната врска помеѓу Меклуан и Бодријар во врска со концептите - порака и семиургија, имплозија, партиципација и влијанието на фразата „медиумот е пораката". Заклучува дека двајцата се теоретичари на медиумите без кои (особено Меклуан) не би можела да се замисли било каква посериозна анализа на медиумите.



ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
Ул. 20-ти Октомври, бр. 8, 2 кат, 1000 Скопје
Тел./факс: +389 2 311 30 59
Е-пошта: info@isshs.edu.mk

## 3. Заклучни констатации и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека магистерскиот труд ,,Создавање на стварност: масовните медиуми низ призмата на Маршал Меклуан и Жан Бодријар", поднесен од кандидатката Касиопеа Наумоска дава теоретски придонес во областа на масовните медиуми. Користејќи формални постапки и дефинирајќи оригинални хипотези, авторката успешно придонесува кон разбирањето дека масовните медиуми создаваат нова стварност, а не ја прикажуват стварноста.

Овој магистерски труд укажува на денешната состојба во медиумскиот простор низ компаративна анализа на теориите на Меклуан и Бодријар, за да ги потврди поставените хипотези дека медиумите денес, заборавајќи ги стандардите и служејќи се со нешто друго што не е ниту стварност ниту вистина, ни прикажуваат стварност во некое ново светло, и укажува на тоа дека наместо претставување на стварноста во медиумите преовладува некоја вид на реалното шоу, не само како забава, туку и како начин на креирање на некоја нова стварност.

Трудот е структуриран на јасен и прегледен начин, и е поткрепен со релевантна библиографија. Со овој труд кандидатката докажува дека ги совладала научно-истражувачките и методолошки постапки во изработката на самостоен научен труд. Врз основа на увидот на трудот и врз основа на горе изнесениот заклучок, Комисијата позитивно го оценува магистерскиот труд на Касиопеја Наумовска под наслов ,,Создавање на стварност: масовните медиуми низ призмата на Маршал Меклуан и Жан Бодријар", и има чест на Наставно-научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје да му предложи, на кандидатката Касиопеа Наумоска, да и одобри јавна одбрана на магистерскиот труд.

Скопје, 26.02.2016

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА:**

1. **Д-р Магдолна Колар-Панова, редовен професор, претседателка на комисија**

2. **Д-р Викторија Боровска, доцент. членка на комисија**

3. **Д-р Јордан Шишовски, доцент, член на комисија**



ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
Ул. 20-ти Октомври, бр. 8, 2 кат, 1000 Скопје
Тел./факс: +389 2 311 30 59
Е-пошта: info@isshs.edu.mk